**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
***Локална самоуправа-***
***Одделение за урбанизам и заштита***
***на животната средина***

Врз основа на чл. 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15 и 39/2016), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

Планскиот документ – Урбанистички план за вон населено место за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп, што се носи согласно со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2018 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието на животната средина согласно со член 65 од Законот за животна средина.

1. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Прилеп, www.prilep.gov.mk.
2. Согласно критериумите за тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

    Спроведувањето на планскиот документ, односно реализацијата на проектот може да има позитивни влијанија во насока на перспективен развој, оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа. Потенцијални влијанија при имплементацијата на планскиот документ врз животната средина можат да се јават само во периодот на изградба со зголемена бучава, формирање на цврст комунален отпад, емисии од ситни честици на прав и вибрации.
3. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вржење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. 08-4329/1

05.12.2018 год
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК на
Општина Прилеп
Г-дин Илија Јованоски